Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика
Бр. 16-7156/2
17.11.2020 год.
Скопје

Република Северна Македонија
**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Влада на Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**
Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

# ПРОГРАМА ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР
# ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| **Дел. Бр.** | ____________ | **Зоранчо Стојанов**<br>[име и презиме] |
| **Датум:** | ____________ | **Главен Инспектор**<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| **Место:** | ____________ **(м.п.)** | ____________<br>[потпис] |

## ВОВЕД

Во согласност со член 43, став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019), раководителот на инспекциската служба, донесува Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел, за следните видови на инспектори*: инспектор за социјална заштита и инспектор за детска заштита*.

Практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се полага врз основа на Програма за испит за лиценца – практичен дел, која пак е во согласност со Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор (*согласно член 42, став (6)*) и Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 238/2019).

Практичниот дел од испитот се полага во првата закажана испитна сесија, по завршување на девет месечната практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за превземање на административен службеник.

Со практичниот дел од испитот се врши оценување на знаењата и вештините на кандидатите, стекнати за време на практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, за прашања кои се опфатени со соодветните теми од **5- пет модули <u>за инспектори за социјална заштита</u>** и соодветните теми од **1- еден модул <u>за инспектори за детска заштита</u>.**

Програма за испит за лиценца – практичен дел, базата на прашања за испитот, како и релевантната литература потребна за подготовка на кандидатот за инспектор за полагање на испитот, се јавно достапни на веб страницата на Советот.

## МОДУЛИ И ТЕМИ ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР – ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Програма за испит за лиценца – практичен дел, на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, кои се распределени на работните места по области на надзорот произлегува како потреба од надлежностите на делокругот на работа што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони според кои постапуваат двата вида на инспектори во инспекциската служба и тоа:

- I - инспектори за социјална заштита и
- II – инспектори за детска заштита .

**I – Инспектори за социјална заштита:**

Модул 1 – Закон за социјалната заштита

- Тема 1.1 – Начела и организација
- Тема 1.2 –Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 1.3 – Прекршочни одредби

Модул 2 – Закон за социјална сигурност за старите лица

- Тема 2.1 – Начела и организација
- Тема 2.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 2.3 – Прекршочни одредби

Модул 3 – Закон за семејството

- Тема 3.1 – Начела и организација
- Тема 3.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 3.3 – Прекршочни одредби

Модул 4 – Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

- Тема 4.1 – Начела и организација
- Тема 4.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 4.3 – Прекршочни одредби

Модул 5 – Закон за правда за децата

- Тема 5.1 – Начела и организација
- Тема 5.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 5.3 – Прекршочни одредби

**II – Инспектори за детска заштита:**

Модул 1 – Закон за заштита на децата

- Тема 1.1 – Начела и организација
- Тема 1.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 1.3 – Прекршочни одредби